

## Изградба на резервоар за вода во с.Таринци

Уште еден проект кој е од големо значење за населението во општина Карбинци целосно е завршен.
Изградба на резервоар за вода со капацитет од 200м3 во село Таринци.

Овој проект ги опфаќа населените места Таринци, Долни Балван и Нов Караорман каде ќе добиеме подобро водоснабдување со зголемен капацитет во оние делови од населените места каде до сега имаше проблем.



Ги решаваме клучните и децениски проблеми!

## "Оградување, осветлување и мапирање на локалитетот Баргала"

Целосно е завршен проектот "Оградување, осветлување и мапирање на локалитетот Баргала", кој претставува еден од најрепрезентативните доцноантички и ранохристијански градови во Македонија.

Вакви проекти што се поврзани со историјата на нашата татковина се од огромно значење бидејќи и тие ќе станат дел од историјата!

*Баргала не е инспирација за истражување само за археолозите, туку за секој што ќе прошета низ неа, во тоа е и нејзината убавина!*




ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# Граѓански информатор

Ноември, 2024

www.karbinci.gov.mk



## ФОРУМСКА СЕСИЈА ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Се одржа првата форумска сесија во рамките на Проектот "Зајакнување на општинските совети" во Општина Карбинци.
Заедно со Вас граѓаните избираме приоритетна тема, идентификуваме и детектираме проблеми и предлог решенија.






Целта на форумот е зголемување на учеството на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво!

## Боречки клуб КАРБИНЦИ



Гости во кабинетот на градоначалникот Виктор Паунов беа борачите од Боречкиот клуб Карбинци.
Поводот е учеството на меѓународниот турнир во борење кој се одржа во Република Бугарија и освоените медали за 3 место на учесниците Лука Николов и Никола Пешев.
Им посакуваме уште поголеми успеси во иднина!



## Боречки клуб КИРО РИСТОВ

Ангела Глигорова од БК"КИРО РИСТОВ " од општина Карбинци го освои третото место на меѓународниот турнир "Ментас Алајбегу" во Приштина во борење слободен стил за кадетки.
Викторија Спасовска го освои петтото место,но мораше да настапи во повисока категорија.



## ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Општина Карбинци и Градоначалникот на Општина Карбинци организираа отворени денови со граѓаните и демократско носење одлуки за формирање на буџетот на општина Карбинци за 2024 година.
Отворени денови во месец Ноември се организираа во просториите на општината секој Вторник и Четврток од 14:00 до 17:00 часот.
Општината беше отворена за сите граѓани да можат да го дадат својот предлог за креирање на новиот Буџет на општина Карбинци за 2024 година.

Доколку некој не беше во можност да дојде, својот предлог имаше можност да го даде преку онлајн анкетата која може да ја најдете на официјалната страна на општина Карбинци.

www.karbinci.gov.mk

